СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

**73-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 9 ЈУЛИ 1997 ГОДИНА**

1. АРСОВСКИ БРАНКО- 49, 50
2. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 56, 58
3. ИВАНОВ ЉУБИСАВ – 27
4. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 13, 41, 43, 67
5. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 52
6. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 31, 34
7. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 3
8. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 44
9. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 2
10. РАМАДАНИ ХИСНИ - 3
11. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 63, 65
12. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 65
13. ТУДА РАМИ - 3
14. ТРПЕСКИ ЉУБЕ - 15
15. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 68
16. ФИТИ ТАКИ - 4, 7, 10
17. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ - 20

Дневен ред на стр. 6, 7

т. 1-на стр.6: Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за исплата на платите во РМ

седницата продолжува бидејќи гласањето не е извршено поради немање кворум. Гласањето е извршено на I продолжение на 73 седница на 10 јули 1997 г.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јули 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала I, со почеток во 17,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Здравко Стојковски, Љубомир Чадиковски, Драгољуб Поповиќ, Борис Костаќев и Јован Лазаров, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Оваа седница дами и господа ја свикав по барање на Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Се извинувам господине министре, деловничка интервенција од господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа претставници од Владата. Имам разбирање кон точката која денеска бараме да се стави на дневен ред, меѓутоа ставаме точка на дневен ред кога имаме една навистина ситуација која е доста вознемирувачка. Ние како пратеници од пратеничката група на ПДП, па верувам и од сите пратеници од тоа што го слушаме и гледаме од јавните гласила и тие информации што ги имаме, мислам дека после таа интервенција на Министерството за внатрешни работи со симнувањето на знамињата на националностите во Гостивар и во Тетово е создадена ситуација, односно состојба крајно загрижувачка. Ред е и добро што во меѓувреме стигна и присуствува на оваа седница министерот за внатрешни работи, а тоа ми беше и намерата деловничка, односно процедурална интервенција да биде присутен, а сега би предложил дека добро е министерот за внатрешни работи пред да расправаме да добиеме информација какви се состојбите во Гостивар и во Тетово, откога започнати се тие полициски интервенции, односно од кога е создадена оваа ситуација. Во јавните гласила слушаме, односно гледаме дека навистина имаме една доста напната ситуација, па мислам дека како пратеници најодговорни и одговорни луѓе треба да имаме една изворна информација, затоа што стигнуваат разни информации, од разни извори, па и од јавните гласила, министерот би требало да не информира прво за состојбите до овој момент во овие две општини.

I/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас сигурно дека ќе ви дадев шанса на сите пратеници, до колку имате сугестии за измена и дополнување на дневниот ред, но по утврдувањето на оваа точка. Тоа е процедурално, следното прашање за кое треба да се договориме. Јас сакам да ве информирам дека има и предлог од пратеничката група ДПА за дополнување на дневниот ред со една ваква информација за актуелните состојби во Гостивар и Тетово.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас мислев дека ќе биде подобро да беше тоа информацијано ако мислите на точка, тогаш треба таа точка да биде ноќеска. Ако објективно ја оцениме состојбата, мислам дека оди на трагична Мислам дека информација треба под итно. Меѓутоа, во склоп на тоа би молеле следно. Во склопот на информацијата кога стапил Законот во сила и кој го потпишал Указот да стапи во сила. Бидејќи мислам дека немало услови Законот да стапи на сила. На која основа е тогаш интервенцијата направена. Би било добро како законодавен дом тоа да го знаеме.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Ситуацијата во Тетово навистина, како што знаете е доста напната. Пратеничката група на ДПА имаме и писмено барање по однос на ова прашање, бидејќи во Тетово и во Гостивар создадена е вонредна ситуација која може да ескалира и може да има непожелни последици, бараме да се стави на дневен ред како посебна точка ситуацијата создадена во Тетово и Гостивар, од симнувањето на знамињата на албанците и турците од органите на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

Предложеното да се стави под итно како прва точка на Седумдесет и третата седница на Собранието. Истовремено, бараме информација за актуелната политичка состојба во општините Тетово и Гостивар, после интервенирањето на органите на Министерството внатрешни работи во просториите на единиците на локалната самоуправа во Тетово и во Гостивар. По однос на ова прашање имам некои податоци. Значи во ноќта на ден 8.07.1997 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа го имаме. Ве молам да одиме по предлогот на Владата, па ќе ги ставам на гласање предлозите на тројцата пратеници.

Молам господинот Таки Фити, министер за финансии по однос на неодложната и основната потреба од итно донесување на овој закон.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа, почитувани пратеници. Вие знаете дека во текот на денешниот ден беше официјално објавено дека дојде до девалвација на националната парична единица и формиравме нов сооднос помеѓу курсот на денарот и сега тој е утврден 31 денар за една германска марка. Во услови кога се врши девалвација, која што како мерка на економската политика, секогаш сака да постигне определени цели и задачи, а нејзините ефекти во основа се познати, една од битните и основни работи е да се обезбеди ефектот на инфлацијата да не биде попречен од евентуално зголемување на сите видови на потрошувачка.

Во една ваква ситуација, се разбира, дека опасност постои, ефектот од девалвацијата да биде, така да се каже стопен за час или

преку ноќ, со евентуално зголемување на платите во стопанството и нестопанството, односно на вкупната маса на плати и заради тоа е логиката што ние моравме да излеземе со овој закон, односно со измени и дополнувања на овој закон под итна постапка. Доколку тоа се случи, негативните последици се општо познати, настапува инфлациона спирала, со сите негативни последици што од тоа произлегуваат. Со други зборови, ако заради ефектот на девалвацијата и покачувањето на цените во почетниот период дојде до покачување на платите, тоа натаму ќе предизвика покачување на цените на средствата за живот, со покачување на цените на средствата за живот имате повторно барање за покачување на платите и инфлационата спирала го прави своето и навлегуваме во матните води на неконтролирана инфлација. Затоа е многу битно овој закон денес да биде разгледан и донесен од Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (68 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Предлогот на пратеничката група на ДПА за дополнување на дневниот ред со Информација за актуелната политичка состојба во општината Тетово и Гостивар да биде уврстена во дневниот ред, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (27 пратеници) .

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Предлогот на господин Исмет и Хисен Рамадани, министерот внатрешни работи да даде усмена информација на денешната седница

по која не би се водело расправа на денешната седница во врска со овие настани, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (76 пратеници) .

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не) .

Поради значењето на прашањето за кое ќе се расправа на оваа седница, предлагам дневниот ред со други точки да не се дополнува.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (68 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за оваа седница го предлагам <u>следниот дневен ред:</u>

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија;

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (73 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

<u>Преминуваме на дневниот ред.</u>

Предлагам прво да завршиме со точката на дневниот ред, а после тоа да му дадеме можност министерот за внатрешни да не информира за состојбите во Гостивар и Тетово.

**РАМИ ТУДА:**

По мое мислење оваа ситуација личи на онаа народната поговорка: "Светот гори а баба се чешла". Ние наместо сега да добиеме

информација и да гледаме што се прави, бидејќи не знаеме со луѓето каква е ситуацијата таму, а слушаме дека има и убиени и ранети и тн., ние сега расправаме за прашање кое што може и подоцна да се расправа. А зборуваме за толеранција и за други ред работи. Ова ли е толеранција. Не можеме да расправаме за еден проблем кој може да има којзнае какви последици утре.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Туда, јас предложив од практични причини да одиме по овој редослед. Ве молам господине Туда седнете на место.

Овој редослед го предложив од едноставна практична причина, да дадеме можност министерот да прибере релевантни информации, дури ние расправаме за точката од дневниот ред и да не информира. Бидејќи сега се побара од него таква информација. Ништо друго.

Преминуваме на дневниот ред.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници. Со оглед на значењето и комплексноста на проблематиката за која што денес дискутираме, нека ми биде дозволено да дадам краток вовед врзан меѓу другото, конкретно со дневниот ред, што денес го усвоивме, односно првата точка - Предлогот за изменување дополнување на Законот за плати.

Почитувани пратеници, на сите вас ви е познато дека макро-економската стабилизација претставува едно од најбитните претпоставки за димензионирање на стопанскиот раст и развој во секоја национална економија. Оваа постапка во последно време е потврдена во современата економска теорија, меѓутоа, исто така и во практиката на многу земји во транзиција, а исто така и на многу земји во развој.

Со други зборови, постапката дека можен е динамичен стопански раст и развој со едновремено егзистирање на висока инфлација и теоретски практично скоро да е напуштена во современи услови. Република Македонија, во изминатите четири - пет години, како што знаеме, реализираше така да кажам, завидно макроекономска стабилност, надворешна манифестација на таа макроекономска стабилност беа вонредно ниските стапки на инфлација и одржување на курс на денарот кој што од прилика одеше 27 денари за една германска марка, долг временски период.

Владата на Република Македонија, исто така, заедно со експертите на Мисијата на ММФ, а ова беше сосема редовна Мисија, меѓу другото детално опстојно ги анализираше трите клучни агрегати што се врзани со макроекономската политика: состојбите во платниот биланс на земјата, во тој контекст, посебно состојбите во трговскиот биланс на земјата, состојбите, движењата и тенденциите во буџетот и буџетската политика и се разбира, состојбите, тенденциите и движењата во монетарната политика. Овие три клучни сегменти на макроекономската политика беше вниманието и на Владата осбено во последнава година, но ние тоа заеднички го направивме со експертите на ММФ.

Врз база на анализата и заклучоците до кои што дојдовме, Владата излезе со предлог на мерки и инструменти за подобрување на

состојбата, кои што во еден дел секако, значат и промени на самата програма на економска стабилизација, која што меѓу другото беше координирана и со ММФ.

**ТАКИ ФИТИ:** (Продолжение)

Фактички, за што станува збор.

Основна цел и задача на Владата е, кога веќе е постигната макроекономска стабилизација да отвори процес на заживување на стопанскиот раст и развој односно реафирмација на стопанскиот раст и развој бидејќи знаете дека после постигнување на макроекономската стабилизација само минатата година имавме една прилично скромна стапка на пораст на општествениот производ и ние, секако, сакаме оваа тенденција да ја поддржиме и со мерките на економската политика.

Втора основ $цел и задача на Владата е да ја помогне состојбата на реалниот сектор, во прв ред на стопанските претпријатија и особено на оние претпријатија извозно ориентирани. Овде не треба посебно да се објаснува-;зошто извозот има особена специфична економска тежина за Република Македонија, така е впрочем со секоја мала земја што има многу ограничен пазар, мала абсорбциона моќ и каде што еден добар дел на стопанските субјекти мораат своите производи да ги реализираат на странскиот пазар, бидејќи на друг начин, едноставно, нема можност да се динамизира стопанскиот раст и развој.

Се разбира дека преку зголемување на извозот и преку определени заштеди на страната на увозот може , барем донекаде, да се релаксира надворешно - трговската размена, односно трговскиот биланс, да се намали дефицитот, а тоа , секако, ќе има позитивен одраз и врз платниот биланс на земјата.

Мерките што Владата ги предложи пред Меѓународниот монетарен фонд и после долга дискусија и Мисијата ги прифати, така што ние се усогласивме околу тоа, се следните:

II/2.-

Прво, да се оди со девалвација на националната парична единица, со што курсот на денарот се утврдува на 31 денар за една германска марка.

Една од главните причини , макар да има и многу други резони на кои јас овде нема да се задржувам, е секако подобрување на состојбите во платниот биланс, она за што претходно говорев.

Бидејќи, покрај стимулирањето на извозот со мерката девалвација едновремено се постигнува и друг ефект, увозот односно сите увозни компоненти поскапуваат, па тоа би ги принудило стопанските субјекти да бидат порационални, поселективни во сферата на увозот. Знаете дека тука немаме доволна селективност и дека загрижуваат тенденциите на пораст во вкупната увозна структура на она што значат средства за широка потрошувачка, за кои што едноставно се плаќаат девизи. Сметам дека со поскапување на увозот ќе имаме можност да заштедиме и на увозната страна и на тој начин, исто така барем донекаде да се смали јазот меѓу извозот и увозот, односно да се ублажи дефицитот.

Кажав, кога ја образложував итноста на овој закон, а тоа е правило, да не речам азбука во економијата, ефектите на девалвацијата можат преку ноќа да бидат исцрпени. Фактички да изостанат сите позитивни резултати доколку не се обезбеди стегање на сите видови потрошувачка, вклучувајќи ја тука и личната потрошувачка.

Затоа, денеска излегуваме со мерка што значи задржување на платите, на нивото на платите на истото ниво, меѓутоа како привремен мерка. Како мерка што би стапила на сила со донесување на овој закон и би траела до крајот на тековнава година, значи до 31 декември оваа година. После тоа, законот што сега е на сила за платите би можел да продолжи да функционира.

II/3.-

Што е суштината на оваа измена овде?

Знаете дека и досега, дефакто, ние имавме ограничување, односно исплаќање на исто ниво на плати за се она што претставува буџетскр корисници, значи сите корисници на Буџетот. Слична ситуација имаме и кај јавните претпријатија, а имавме определено ограничување кај претпријатијата што влегоа во процесот на приватизацијата, но не се комплетно приватизирани, односно се приватизирани до 70%. За сите претпријатија што беа приватизирани над 70% постојниот закон едноставно не важеше. Сега, за да го осигуриме ефектот, односно да ги осигуриме позитивните ефекти од девалвацијата предлагаме:

Да се задржат платите или масата на платите на истото ниво не само кај буџетските корисници, јавните претпријатија, туку и кај сите претпријатија што комплетно не го завршиле процесот на приватизација, односно што не се сто посто приватизирани. Претпријатијата што се 100% приватизирани ќе можат без никакви ограничувања да ги индексираат и зголемуваат платите. Меѓутоа, тука и не гледаме објективна опасност бидејќи знаеме дека приватниот сектор, под дејство на економската принуда води сметка за висината на платите и за соодносот ш платите со реалната , со порастот на реалната продуктивност во стопанството.

Исто така, бидејки потрошувачката има повеќе компоненти, мно] е битно, така да кажам , да се стегне и буџетската потрошувачка и да се направат соодветни заштеди и да се направат соодветни реалокации што имаат основна цел и задача на следење на долг рок да го намалат инфлаторниот притисок во земјата.

Еден од генераторите на тој инфлаторен притисок се и дефицитите што се јавуваат во небуџетските фондови, вон буџетските фондови

односно во социјалната сфера. Знаете дека таму имаме алармантна состојба, посебно кај пензискиот фонд, но не е исто така добра состојбата многу ниту во Фондот за вработување, во Фондот за здравство и слично. Станува збор за небуџетска потрошувачка,до колку таму останат хроничните дефицити, тие секогаш, по правило се и теоретски и практично еден, од значајните генератори за инфлаторен притисок во стопанството. Затоа нашата политика е во склад со аранжманите што ги имаме со меѓународните финансиски институции, постепено, во еден разумен тајминг, во еден разумен временски период да се намалуваат и по можност, со тек на време да се елиминираат тие дефицити.

Постигнавме значајни резултативо: Фондот за вработување, меѓутоа гледате дека во пензискиот фонд не е добра ситуацијата. Затоа, претходно излеговме и со Закон , со промени и дополнувања на Законот за финансиско работење. Ако тој даде ефекти тука ќе може малку да се релаксира и самиот Буџет. Според тоа, ќе има реалокации на Буџетот и Буџетот ќе биде обврзан да ги елиминира овие дефицити доколку настанат, а тоа понатаму значи ако не се реализираат нормално приходите на Буџетот, тогаш од оној дел на буџетските приходи ќе треба да се реалоцираат средства за да се покријат дефицитите сега засега во пензискиот фонд и Фондот за вработување, бидејќи тоа е обврска што ја имаме прифатено и со нашите аранжмани со меѓународните финансиски институции.

Меѓутоа, исто така не сакам да биде заборавено дека ова дава можност и за определена релаксација на самиот Буџет. Кога велам релаксација во прв ред мислам на фактот што во услови на девалвација и определено благо, како што очекуваме,покачување на цените на производите и услугите на домашниот пазар особено во првите 2-3 месеци ќе дојде до определен пораст на данокот на промет. Тие средства би се

влијаеле во Буџетот и на тој начин приходната страна би се релаксирал толку колку што ќе бидат тие ефекти. Од друга страна, бидејќи имаме битно изменета ситуација на девизниот пазар, за разлика од порано, минатата година, немаме веќе урамнотежен девизен пазар. Напротив, немаме вишок, со други зборови немаме вишок на девизи на девизниот пазар. Имаме недостаток. Според тоа, во оваа ситуација отпаѓа потребата Буџетот и понатаму да врши трансфер на депозити од Буџетот кон Центалната банка. Станува збор за депозитот што беше утврден на месечно ниво од 200 милиони, односно годишно ниво од 2,4 милијарди. Поминаа 6 месеци. За наредните 6 месеци таа обврска Буџетот не ќе ја има. Значи 1,2 милијарди ќе може да се релаксира, едноставно, самата буџетска потрошувачка во тој контекст.

Мислиме дека со сето ова ако и натаму остане соодветна и цврста контрола во доменот на Буџетот,во доменот на монетарните агрегати за кои што верувам нешто повеќе денеска може да каже и г-динот Гувернер д-р Љубе Трпевски, во доменот на платите ние можеме многу да добиеме фактички од девалвацијата и да ја завршиме годината со релативно ниска стапка на инфлација што не би била поголема од 6 до 7%, се разбира доколку цврсто се држат сите агрегати, посебно одделните видови на потрошувачка. На тој начин се надеваме дека таму, некаде кон крајот на третиот квартал од годината, повторно ќе дојдеме во ситуација да имаме определен вишок на. девизи на нашиот пазар, со што Централната банка би откупувала.

Инаку, сега, во оваа ситуација, знаете дека Централната банка е принудена да интервенира со девизи од девизните резерви за да се одржи курсот на ова рамниште што досега беше. Исто така знаете дека тоа предизвика еден ефект многу негативен, што беше многу алармантен

и објаснет дури и во јавните медиуми "Нова Македонија" пишуваше, околу 1 милијарда и 300 денари беа повлечени од оптекот за да се интервенира на девизниот пазар, а тоа уште повеќе ја зголемуваше неликвидноста во стопанството која што и така е многу интензивна и нагласена.

Според тоа на овој начин мислиме дека сето ова ќе може да се направи онака како што јас претходно објаснив.

Но, Ве молам, оваа мерка на задржување на платите на истото рамниште што реков дека е краткорочна, до крајот на годината е извонредно значајна бидејќи без таа мерка, уште еднаш ќе повторам и со тоа ќе завршам, објективно ризикуваме да влеземе во сферата на инфлационата спирала, што би било навистина катастрофално за вкупното стопанство и за перспективите на економскиот раст и развој.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трпески, гувернер на Народната банка на Република Македонија.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници,

Најнапред да се заблагодарам што сум поканет да присуствува! на оваа денешна седница. Ќе се обидам накратко да објаснам за делот од разговорите што ги водевме во последните три недели со Мисијата на ММФ околу монетарната политика.

Најнапред, заеднички се согласивме дека една од клучните претпоставки на кои што беше заснована монетарната политика за 1997

година, а што беше усвоена од Собранието со Одлуката за целите и задачите на монетарната политика, не се остварува. Тоа е претпоставката дека на девизниот пазар ќе има вишок на девизи и тие девизи ќе се продаваат на Народната банка. Народната банка ќе ги откупува тие девизи и ќе уфрлува денари во прометот. На тој начин ликвидноста ќе се задоволува во економијата.

Наместо таквата претпоставка се случуваше во изминатите 6 месеци обратна ситуација. Имавме перманентно повисока побарувачка за девизи на девизниот пазар отколку што беше понудата. Тоа беше еден од сигналите дека заживува стопанството. На стопанството му требаат суровини. Нашето стопанство е увозно зависно и тие суровини ги увезуваше, а за тоа му требаат девизи. Тоа беше еден од факторите зошто обратната ситуација се случуваше.

Бидејќи девизниот курс на економската политика за 1997 година е основно номинално сидро, тој се бранеше од страна на Народната банка и Народната банка за да го одбрани тој курс што беше договорен, мораше да интервенира со продажба на девизи од девизните резерви. Таа обратна ситуација доведе со продажба на девизи на девизниот пазар да се исцрпи денарската ликвидност од стопанството. Наместо да се креираат пари, наместо да се креираат примарни пари односно денари во стопанството се повлекоа, како што беше речено преку милијарда и 387 милиони денари од прометот . Тоа е една од основните причини зошто е општа беспарица во стопанството, зошто секој секому должи и таа ситуација повеќе не може да биде одржана.

Понатаму, се согласивме дека курсот на денарот и понатаму треба да остане основно номинално сидро. Ако и тој понатаму така треба да остане и новоутврдениот курс треба да се брани.

II/8.-

Понатаму требаше да се утврди само висината на корекцијата на девизниот курс, и како што дознавте денеска се изврши таа промена. Меѓутоа, ако се оди како гола промена, како гола промена на курсот, тоа за месец дена ќе ги изгуби ефектите. Затоа се оди со ова, на прв поглед драстична мерка и јас ја поздравувам таа мерка и честитам на храброста на Владата што ја презема таа мерка за едно општо замрзнување на нивото на платите, бидејќи само така може да се постигне ефектот со корекцијата на курсот што ќе се направи.

Во наредниве 6 месеци, особено во третиот квартал се планира исклучив канал на примарна емисија од Народна банка да биде откупот на девизи, на вишокот на девизи што ќе се појави на девизниот пазар. Планирано е околу 15 милиони долари да се откупат само во третиот квартал. Според тоа, аукциите како начин на емисија на примарни пари нема да ги има во третиот квартал, само по оваа линија ќе се емитуваат пари и ќе се надокнади сето она што е изгубено во претходните 6 месеци и ќе се оствари предвидениот пораст за втората половина од оваа година.

Некој може да праша дали е потребна измена на Одлуката на целите и задачите за монетарната политика што ова Собрание ја усвои?

Не, нема потреба, бидејќи на годишно ниво ќе се достигне или нешто под она што е проектирано со Одлуката за целите и задачите што ја има усвоено овој Парламент. Според тоа , само она што е изгубено во првите 6 месеци ќе се обидеме да го надокнадиме во вторите 6 месеци, да се подобри ликвидноста на стопанството. Со подобрување на ликвидноста ќе се овозможи и Законот што го донесовте за плаќање на придонесите да се овозможи кондиција на стопанските субјекти тоа да го реализираат на тој начин и фискалната политика ќе биде порелаксирана.

Сакам да Ви пренесам и Вам и на колегите новинари тие да пренесат во јавноста дека Народната банка овој курс што е договорен со сите средства и инструменти ќе го брани. Нема промена да има на ова договорено ниво на курсот. Ако има тенденции на апрецијација ќе го брани. Ако има тенденција и на депрецијација повторно ќе го брани, Според тоа, курсот утврден 31 денар за марка ќе биде тој курс во наредниот период. Сите оние кои мислат да шпекулираат ќе останат со празни раце во тој поглед.

Се донесоа и некои други мерки во поглед на дисциплинирање на одделни субјекти, па и на банки во областа на банкарството. Но, ова беше најважна работа за која што сакав да Ви ја пренесам овде на Парламентот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Коцевски бара деловничка интервенција.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,почитувани претставници на Владата и почитуван гувернер на Народната банка,

Ги слушнавме воведните излагања на гувернерот и на министерот за финансии што претставуваат образложение на Законот кој всушност е последица на преземената мерка за девалвација на денарот.

Бидејќи тоа е крупен чекор кон кој оди Владата што може битно да ги промени економските текови во земјата, пред се макроекономската политика и монетарната политика во земјата, што е во спротивност со претходните залагања и резултати со кои се китеше Владата дека

главните позитивности во економската политика во државата се темелат на стабилниот курс на денарот и ниската инфлација , што , со оваа мерка битно се променуваат.

Предлагаме пауза половина час од моментот кога ќе ги добиеме стенографските белешки со излагањата за да можеме да направиме дополнителни консултации и подготовки во Пратеничката група.

Во меѓувреме му сугерирам на претседателот на Собранието времето што би го губеле во очекување Стручната служба да ја заврши техничката работа, да го искористиме за иcлушување на експозето на министерот за Внатрешни работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека сугестијата е добра и ја прифаќам.

Место пауза ќе го ислушаме излагањето.

Му давам збор на г-динот Чокревски.

III/1.- СЈ/ЉР

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани колеги,

Ова не е експозе, бидејќи настаните се случуваат денес се одвиваат со извесна брзина и интензитет и нормално како ангажиран раководител на Службата што е инволвирана во оваа акција, јас не сум денес .спремен да поднесувам експозе. Јас поднесувам една сажета кратка информација за настаните кои што се случуваа во текот на денешниот ден.

Претпоставувам дека за овој проблем, сфатен многу пошироко во сите негови социјални аспекти, државни аспекти, политички аспекти меѓуетнички и други, државнички во смисла на тоа што тоа значи за Македонската држава и треба еднаш во една, дај боже, што викаат старите посмирена ситуација да расправаме и да ги извлечеме сите потребни заклучоци за идната политичка работа како на Парламентот, така и на другите државни органи. Подвлекувам уште еднаш, моето излагање е исклучиво една кратка, ќе се трудам да биде сажета информација за тоа што се случило.

Подолго време во Министерството за внатрешни работи подготвуваме соодветен настап на службите во врска со знамињата ко што со оценка на сите државни институции, со исклучок само на некој политички партии се истакнати на одредени места и за кои има експлицитно решение на Уставниот суд. Подолго време МВР е проживеано од страна на разни институции, е поднесено директно барање од Уставниот суд за интервенција и едноставно во медиумите и во јавноста честопати се расправаше за ова прашање зошто МВР како надлежна служба која треба да изврши една одлука на Уставниот суд чека и не презема соодветни мерки. Право да ви кажам дека што се

III/2.-

однесува до мене и до најтесниот состав на МВР најсериозно го анализиравме и го анализираме овој проблем во врска со разрешувањето на тоа таканаречено подигање на знамиња.

Нашата идеја беше и мислам дека вршевме доста влијание и во Владата средства да се употребат сите можни/за политички консензус за разрешување на овој проблем , така што може да предизвика меѓусебен етнички сукоб да не се доведеме во ситуација која ќе не поведе во посериозни сукоби кои би ја довеле' Република Македонија во критична фаза. Тоа и сега го мислам дека е тоа така и во таа смисла може еден извесен временски период се бараа сите можни начини за да еве се најде нај- соодветниот начин за разрешување на овој проблем.

Ова ние го правевме од една проста причина бидејќи имавме голем број на информации, индикации, сознанија како оперативни, така и други дека во рамките на определен политички субјект на албанската популација се вршат сериозни припреми и се развива една активност, се припрема една идеологија во која што начинот на третирањето на знамето е само еден сегмент на таа целокупна идеологија. Јас намерно ова напред го истакнувам, да кажам дека ова што од сабајлево од рани-те зори и преку денот се случува е долго време подготвувано и пред-извикувано од тој албански субјекти и претставници имаме и тука во Парламентот.

Што е проблемот? Јас сум човек што отворено зборувам и кој што не знам да водам многу политика. Јас сум човек од науката, залутан малку во овие сфери кој што сепак сака пред се, да ја каже вистината. Што е проблемот? Зошто го кажувам ова?

Постои една теза и постои една активност во врска со таа теза дека албанското население во Македонија треба да биде или втор народ кој што има право на употреба целосна на јазикот, на знамиња и на сите државни знаци, или пак уште покрај но изразено дека албанскиот

проблем треба да се реши на еден интегрален начин на Балканот, без да се води сметка дека таквите барања на еден вака измешан и не добро цивилизирано развиен Балкан може да предизвикаат етнички и други сукоби за што имаме јасни примери во соседствата, јасни примери во Босна итн. Затоа, проблемот со знамето и битката за тоа да не се симне или да не се симне знамето е државно прашање, не е прашање на знамето. И во тој контекст, сега Да не образлагам многу во тој контекст ние како МВР вршиме една државна функција за заштита на Македонската држава, заштита на интегритетот, на територијата и сл. што е со некои активности од страна на тој албански субјект кој што има своја позиција во локалната самоуправа и кој што покажува намера да биде не во рамките на целокупниот државен систем, туку да делува засебно и дури да не ги прифаќа решенијата на целокупниот државен систем

Не може да постои ниедна држава ако одредени сегменти во таа држава не се спремни да ги спроведуваат решенијата на законите кои што на еден определен начин во Парламент, пред извршна власт и други институции се извршуваат во државата. Тука, по мое мислење, имаме класичен пример за откажување на вршењето на функциите на одредени локални самоуправи каде што се овие албански субјекти на власт.

Меѓутоа ова не е прашање толку за денес, реков тоа треба еднаш сериозно да седнеме и да го расправаме ако сакаме да ја градиме државата така како што е во Уставот поставена, така како што досега оди развитокот на Република Македонија, држава на сожителство во која што албанскиот субјект се интегрира во заедничкото градење на државата во која што се развиваат граѓанските и другите права на луѓето.

Овде во овој сегмент, во оваа појава што ја викаме знаме се појави најеклатантно, најизразито.

III/4.-

И, добро, знамињата, знаете претходно, ја знаете пред- историјата по повод на истакнување или неистакнување на знамињата се поведе расправа во Парламентот, се донесе закон, меѓутоа се донесоа и одлуки на Уставниот суд.

Јас сега накратко ќе ја изнесам хронологијата. Апсолутно бевме и сме во една законска функција да ја извршиме Одлуката на Уставниот суд и Одлуката на раководството на МВР беше денес во раните саати точно после донесувањето на Законот, акцијата не ја врзуваме моментално со Законот, да извршиме една акција во која што ќе избегнеме поголеми непријатности, сукоби, ќе дадеме можност нормално да се разреши проблемот. Службите на МВР, пред се, Полицијата и другите служби ја извршија таа задача, сабајле во 03 часот, ги симнаа знамињата, ги запоседнаа тие места за да не дојде, така да кажам, повторување на таа појава и сето тоа траеше до некои рани утрински часови, 07, 08 часот кога почнаа да се организираат протести заради симнувањето на Знамето и во текот на денешниот ден имаше повеќе појави во кои што проблемот ескалираше до несакани размери.

Тоа се се случи во Гостивар, каде што се собра поголема маса на протестанти, кои што напаѓаа и насрнуваа на полицијата, во тоа има и повредени полицајци, детални информации постојано ќе добивате преку средствата за информирање, за да негде во попладневните часови толку ескалира сукобот меѓу кордонот, меѓу полцијата и демонстрантите што откако беа повредени неколку полицајци откако почна од масата и од околните згради да се слушаат истрели беше возвратено но за жал имаме од толпата, од демонстрантите, како сакате наречете ги, имаме еден убиен, погоден, толку повреден што почина и 4 други повредени, кои што се однесени во болница.

III/5 .-

На страна на полицијата има потешко повредени 4 полицајци со разни тврди предмети, железа заради кое напаѓање и повредување почна прво пукањето во воздух, па возвратувањето итн. Сега, јас, во овој момент мислам не е во ред да ги опишувам деталите како се се случи. За тоа ќе има извештаи, за тоа ќе има конкретни податоци секој од вас ќе може да се запознае.

Што е карактеристично за сите овие демонстрации. Карактеристично е агресивноста, нетолерантноста, нападот на полицајците кои што ништо не правеа само запоседнале еден простор во масата која што напаѓаше, се најдени луѓе со Молотови коктели. Еден дел од нив се уапсени, меѓу нив се наоѓаат и албанци од Република Албанија. Во таа смисла Службата мораше малку да ја прошири активноста. Имено, сметавме дека за сето ова нема спонтаност, ома организираност, има носители на таа организираност кои што веројатно ќе бидат одговорни на словото на Законот затоа што ние сме во намера на никого да не му попуштиме во врска со кршењето на Законот.

Министерството за внатрешни, Полицијата исклучиво се држи за законите. Таа не делува од:аспект на симпатии или политика во вакви случаи, но во сите други настојуваме да биде професионална. Ние не можеме да бидеме држава ако секој еден може да ја напаѓа полицијата, да прави се. против неа, а таа да молчи и да не возвратува.

Сакам да ве потсетам дека во текот на оваа година една од моите најголеми заложби во Службата во услови кога скоро секој ден или втор ден има протести за една или друга работа, ние да не се инволвираме во протестите, ние да не бидеме тие што ги спречуваме потребите и организираноста на некоја структура да протестира. Се сеќавате имаше демонстрации, прво, во врска со таканаречените труења, во врска со приведувањето да си отслужат затвор челниците на тетовскиот Универзитет, имаше демонстрации на разни стечајци, демонстрации

на Унијата на независни синдикати, демонстрации на студентите и учениците, демонстрациите на ВМРОДПМНЕ, големиот митинг што го викаа итн. Настојувавме никаде да не дојде до физички контакт меѓу Полицијата и да нема сукоби од кој што ќе произлезат трагични работи.

Тука денес не можеше да се спречи таквиот сукоб, затоа што агресивно беше насрнато на полицајците кои што во името на сопствената самоодбрана и во името на одбрана на поредокот, на Службата која е за тоа и возвраќаше.

Да не донесуваме сега заклучоци. Во овој момент ситуацијата е смирена. Сакам на пратениците да им кажам дека МВР ја контролира целата ситуација, нема потреба сега за поголема вознемиреност, меѓутоа исто така да обрнам внимание дека треба сите тие актери кои што сакаат нешто да постигнат да се држат за редот и мирот, слободно може да протестираат, но не и да не насрнуваат на полицајци.

Во таа смисла би заклучил дека ова што сега јас го кажам пред Парламентот, пред сите пратеници од сите структури, па дури од оние структури кои што претпоставувам во овој момент воопшто не ме прифаќаат и не се сложуваат, но сепак ќе се обидам да дадам еден апел сите што можеме да влијаеме да го спречиме веќе запалениот оган затоа што во него може многу да се изгори затоа што со тоа ќе покажеме дека навистина треба да ги чуваме институциите редот и поредокот на нашата држава.

За сите овие проблеми ние ќе подготвиме, без разлика дали Собранието сега прифати и сл. една многу поопширна информација за тоа каде се корените, каде е потеклото, која е тезата, кои се намерите, кои се актерите, кои се надворешните влијанија на овие структури кои што доведоа до вакви сукоби каде што треба да гинат и луѓе.

III/7 .

Еднаш треба по мое лично мислење, тоа го зборувам како ч©'век, не како министер еднаш сериозно треба да ја повлечеме линијата која никој како граѓанин не смее да ја пречекорува ако сака да живее во една држава.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза до 19 часот. Продолжуваме во 19 часот.

(Паузата започна во 18,20 часот.

(по паузата, седницата продолжи во 20,00 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа. Има збор г-динот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, вие очекувате јас да искажам едно големо задоволство од денешниот настан за девалвација на денарот или да покажам одредена триумфалности или пак да побарам од оние кои многу ме напаѓаа кои еве година дена предлагав да дојде до девалвација на денарот. Јас нема да го направам ни едното ни другото ни третото, затоа што ниту е моментот за тоа и затоа што тоа не би било сериозно, дури не би ни доликувало во вакви моменти тешки по економската состојба во земјата да "се прави одреден маркетинг. Мислам дека не можам да изразам задоволство потполно затоа што висината на извршената девалвација не одговара на состојбите и не е во таков обем кој што може да иницира едно посебно производство,. поголем извоз, да го намали платниот дефицит и сите оние негативни појави кои дојдоа како резултат на една исклучително рестриктивна кредитно - монетарна политика. Меѓутоа, ова е сепак еден чекор доста напред и јас би се послужил со мислата на Амстронг кога стапна на месечината и рече дека ова е мал чекор за човекот ама голем за човечанството .Сепак, еден голем чекор е направен со еден ваков потез да почнеме да излегуваме од економската криза во која се наоѓаме.

Јас нема многу што да додадам на воведните излагања на г-динот професор и министер за финансии и на гувернерот на Народната банка, освен да кажам дека во тој дел на нивното воведно излагање мислам дека и тука имав прилика и да разменам такви мислења со министерот за финансии, не смее да се сфати девалвацијата како релаксација на Буџетот. Обратно, а како мислам обратно, би кажал подоцна.

IV/2

Исто така во делот на она што го искажа гувернерот дека со сите средства упорно, силно итн. дека Народната банка ќе се бори да го сочува овој однос на курсот за една марка 31 денар. Јас би предложил дека треба да се води една умешна, паметна кредитно - монетарна по-политика, меѓутоа во исто време да се постави една цел да се достигне една девалвација на денарот можеби до крајот на годината или во првото тримесечје од минатата година со една така тивка девалвација, непрекинато од 30% , со што би направиле еден значителен чекор напред во развојот во економските односи во земјата.

Точно е тоа, како што беше и овде кажано, многу земји кога ќе западнат во вакви тешкотии, кога ќе досегнат вакви параметри, посебно во кредитно - монетарната политика, а посебно во дебалансот во државата, преземаат вакви слични или побрзи мерки . Вие знаете каков беше односот на фунтата спрема доларот, а каков е денес. Вие знаете каква девалвација направи Франција пред неколку години, или Италија минатата година за да го активира извозот и да го развие стопанството. Вие знаете што се случи меѓу марката и доларот во текот на оваа година, а се како резултат на тешкотиите кај овие високоразвиени земји. Тука главно беше кажано дека тоа го прават земјите во развој, недоволно развиените земји, ама гледате дека и високо развиените земји такви мерки преземаат.

Меѓутоа, јас и порано сум кажувал и сега ќе кажам дека девалвацијата може да повлече неконтролирани потези, ако не се следи со соодветни мерки на една држава. Една од таквите мерки мислам дека е и овој закон и затоа ќе го поддржам и никој да не се плаши од тој закон, затоа што и така стопанството е во таква надолна линија што тоа не може да обезбеди средства за зголемување на личните доходи. А пак стопанството, тоа нема никакви теоретски можности, бидејќи се помалку произведува, се помалку реализира и се помалку остварува средства.

Според тоа, законот е добар само во делот кој што е буџетска потрошувачка и каде што досега беше таа ситуација многу порелаксирана.

Исто така, не би требало да дојде до покачуваше на цените на мало, особено кај широката потрошувачка, затоа што веќе таму постои голема конкуренција дека повеќе не може да се создаваат монополи и да се договараат цени и дека секој длабоко ќе размисли дали треба да ги покачува цените. Тука сега мора да се внимава на главните агрегати, а тоа се енергенти, посебно течните горива. Тука не треба да има голема опасност од причини што од времето на формирањето на цената на течните горива па досега дојде до намалување на цената на нафтата на светскиот пазар.

Исто така мислам и предлагам, до колку и дојде до одредени поместувања на светскиот пазар со покачувањето на цената, тоа треба да се ублажува со намалување на акцизите, царините, таксите и тоа треба да се прави многу брзо. Владата тој сегмент мора да го контролира, затоа што од него може да потекнат сите покачувања на цени и на прехранбените производи, покачување и на другите производи каде што енергијата е доминантна, некаде е доминантна енергијата во формирањето на цената на чинење.

Исто така итно мора да се преземат мерки во сферата на банкарството во уредувањето на каматната политика. Не може да се држат цени било во производството било во прометот, ако имаме така високи цени во банкарството, на кредитите.

Шеста работа што треба да се направи е што мора под поволни услови, а тоа значи намалени камати, камати кои доликуваат на земји кои се определени за пазарна економија, да се обезбедат обртни средства. Тука треба значајна улога да одигра и Народната банка и

Владата, со одредено напрегнување да се обезбеди една маса на средства која би отишла за обртни средства, особено во сферата на производството. Мене ми е мило што тука седат луѓе кои се одговорни за тие области, кои се умни и кои тоа ќе го согледаат и мора многу брзо во тој поглед да преземат мерки за да може да дојдат до израз ефектите од девалвацијата. Не треба да се плашиме што ќе имаме и некоја поголема инфлација отколку што сега имаме. И добро е да ја имаме дури и до 7-8%, која може да биде и покренувачки елемент во развојот на производството. Меѓутоа, не смее тој дел таа да го помине, а ќе го помине ако сите овие елементи не бидат во игра.

Според тоа, сега е голема шанса, мислам дека имаме и последна шанса да ги обрниме тековите во производството, околу ваквите потези кои сега ќе следуваат да изградиме едно единствено мислење и да нема, ќе повторам, поважна работа сега од економијата, од проблемите во економијата и разрешувањето на тие проблеми и многу сплотено, многу совесно, многу мудро да пристапиме кон разрешување на тие проблеми, за да почнеме да излегуваме од оваа економска криза. Мислам дека сите тоа веќе го согледавме, мислам дека веќе во главата на секој од нас созреа таа свест и тоа сознание дека повеќе нема место за еуфорија, нема место за некои други изживувања и задоволства и дека ова е, еве, наша историска шанса да кажеме, затоа што го допревме дното, да почнеме од тоа дно да се движиме понатаму и да излеземе од оваа економска криза.

Од тие причини, јас го поддржувам овој закон и ќе ги поддржам сите мерки кои се во овој правец. Но исто така и овие предлози што ги дадов исто така мислам дека треба сериозно да ги разгледаат и министерствата и Владата , и да бидат применети и други мерки познати во економијата. На крајот сакам да кажам дека треба сечие мислење да

се почитува, а како што гледате дури и некој кој нема образование а предлага може да биде паметен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, почитувани претставници на Владата, прво сакам да кажам дека сум бил коректен кон сите мои колеги пратеници и барем досега ниту од говорница, ниту кога некој ќе излегува на говорница нешто посебно му дофрлувам. Не се однесува на г-динот Нано Ружин , бидејќи тој прилично културно нешто ми се обрати туку на оние колеги бидејќи не сакам да ги именувам кои сметаат дека при излегување на говорница на некои од пратениците со одредени дофрлувања ќе предизвикаат или понижување кон колегата или свое фаворизирање. Им кажувам дека навистина грешат бидејќи од такво нешто нема потреба. Кој колку за нешто е експерт, секој за себе си се цени, а јас само ќе кажам дека се обидувам да поставам некои дилеми и прашања и колку толку во некоја област малку ако се разбирам. Не навлегувам во тие области во кои не се разбира. Со ова само сакав да укажам дека треба да имаме еден колегијален однос сите.

Би се задржал конкретно на проблемот за кој што денес расправаме. Имено, денес некако ние пратениците изгледа последни во државата научуваме што се случува. Како на препад некаде до 14-15 часот не знаевме дали ќе има или ќе нема седница, некои велеа во 17,00 часот ќе биде закажана, нема да биде закажана и често пати се сака со предлагање на некои работи на брзина пратениците да се доведат во состојба да не можат доволно да се подготват или да проверат некои податоци, па да излезе дека одредени работи не ги знаат. Јас само ќе ви кажам дека немаше потреба од таква тајност, бидејќи во понеделникот вечерта ако ние пратениците не знаевме, приватните менувачните знаеа,

девизи никој не ви продаваше , само купуваа девизи. Не знам од каде научија приватните менувачници, а ние пратениците не можевме да научиме за што се работи.

Затоа, сакам да кажам, со оглед на тоа што вака набрзина ни е предложен овој закон, се обидов да конципирам и напишам некои свои согледувања, повеќе во форма на дилеми и прашања до предлагачот отколку некои тврдења.

Имено, сметам дека иако во воведните излагања и г-динот Министер и г-динот гувернер сакаа да внесат некоја релаксираност и ноншалантност во оваа севкупна ситуација, сметам дека прашањето кое денес на оваа седница го разгледуваме е и те како сериозно. Иако се работи за еден закон од неколку члена и по обичај ќе се рече дека е многу краток па затоа по итна постапка да го разгледаме, се работи за една крупна мерка за која преку денешната расправа треба да дадеме или да не дадеме виза за промената на макроекономската политика во нашава држава. Но само да напроменам, според парламентарното мнозинство до пред неколку дена даваше епохални резултати. И понатаму останувам на тоа тврдење дека Владата се однесува кон нас пратениците како и до сега па мораме во вакви ситуации да се снаоѓаме.

Зошто го велам ова?

Имено денес ни е преложен елен закон кој што е формулиран како некои ограничувања на платите или регулирање на платите, но по она старото ние си знаеме дека тоа е замрзнување на платите во нашава држава. За да можеме подетално да дискутираме за овој закон и да гласаме или да не гласаме за него, сметам дека се потребни одговори на неколку прашања од страна на предлагачот.

Прво, не ми е дадена никаква информација каква е проценката на Владата за остварување на целите и задачите на макроекономската

политика за 19 97 година. Вие се сеќавате дека пратениците на Либерално демократската партија тврдеа дека тие цели тешко ќе се остварат со ваквите економски мерки кои ги предлага Владата на РМ. Во оваа прилика малку би се потсетиле на тие цели, иако не изворно како што тогаш беа предложени, но тие се состоеја прво во зголемување на производството и извозот во РМ, б) спроведување на структурните реформи во РМ,в) зголемувањето на вработеноста и г) стабилен курс на денарот во РМ.

Сметам дека ние како. пратеници во Парламентот на РМ требаше да бидеме удостоени од Владата на РМ, кога донесуваме еден ваков крупен закон,со информација за тоа како се остваруваат тие цели. Имено, сметам дека од некои податоци и една информација која во Комисијата за економска политика и развој на Собранието од некои стручњаци беше изработена, анализата на тие податоци ќе покаже дека целите на макроекономската политика во РМ не се остваруваат онака како што беа пред- видени и како што беше проценката. Сметам дека една таква анализа ќе покаже дека пратениците на Либерално демократската партија беа во право кога зборуваа при изборот на двете последни влади и при изгласувањето на Буџетот дека ваквите цели нема да се остварат и уште тогаш беа предвидени и можеше да се преземат мерки тие да бидат пресретнати.

V/1.- ЈМ/СЛ

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:(**продолжение)

Второ прашање кое што сметам дека треба како пратеници да добиеме и одговор овде ни беше само кажано дека детално биле претресени трите главни сидра на макроекономската политика, а тоа се платниот биланс, Буџетот и фондовите и монетарно кредитната политика во РМ. Имајќи во предвид дека од целокупниот арсенал на мерки кои што ќе се преземаат, или се преземени по однос на овие три главни сидра ние денес добивме и тоа кратки информации само за две од тие мерки, а тоа е курсот на денарот и ограничувањето односно замрзнувањето на платите со тоа индиректно и на пензиите. Ние не добивме сознанија од воведните излагања, а немаме ни попратни материјали да видиме каде лежат причините за промашените претпоставки кои што се изнесуваа на почетокот на годината при донесувањето на Буџетот и макроекономската политика на РМ. Ова според мене лично не значи ништо друго туку изгласување на уште една бланко доверба на Владата на РМ.

Трето, ако проценките се погрешни како што беше изнесено, и наместо да се купат девизи, продадени се за шест месеци 30 милиони долари од девизните резерви. Зошто сега се смета дека само со една мерка ограничувањето, односно замрзнувањето на платите, а реков, а со тоа и пензиите односно со ограничувањето на личната потрошувачка ќе се оствари макроекономската политика на Владата на РМ. Ова прашање го поставувам заради следното.

Прво, каде се прелеаа тие 30 милиони долари ако имаме мал број на работници кои редовно земаат плата во РМ во изминатиот период.

Второ, ако три години со ред имаме ограничување на платите замрзнување на платите, а преку тоа и ограничување на личната потрошувачка се поставува дилемата зошто тогаш не се намали увозот во РМ и од каде пари толку пари да се реализира тој увоз, или дилемата кој ја поддржува личната потрошувачка Буџетот, или инвестициите или нешто трето во државава.

Трето, ако предлагачот ни предлага такво решение со кое што ќе изврши ограничување на личната потрошувачка, замрзнување на платите, се поставува тогаш и прашањето и дилемата врз основа на кои начела и основи тие сметаат дека ќе дојде до зголемување на општествениот производ во РМ. Сите овие податоци кои што во претходното излагање ги споменав, една анализа на сите тие податоци според мене ќе покаже следново, дека во изминативе години, посебно во последнава 1996 и овој период се фаворизира трговијата и увозот а се ограничува инвестиционата потрошувачка и извозот. Од овие од една ваква политика сметам дека дојде до едно поприлично ниво на прелевање на националното богатство, а со тоа не се направени скоро да не речам никакви, но мали се структурните промени во реалниот сектор во Републикава. Исто така, ваквиот пристап дојде во ситуација иако често пати овде полемизиравме околу тоа, околу различни податоци, но дојдовме до една ситуација јавната потрошувачка да учествува со 50% во општествениот производ. Беше речено дека е 43 или 45%, па фондовите плус,минус, но сепак се работи за едно многу, многу високо ниво на учество на јавната потрошувачка во општествениот производ.

Следно прашање на кое што ние овде како пратеници сметам дека треба да добиеме одговор тоа во уводните излагања го немаше, можеби причините лежат во брзината и краткото време, но мора да добиеме

одговор на прашањето , поради кои причини, поради кои принципи , кои елементи доведоа до тоа да девалвацијата на денарот биде 16%. По која методологија е пресметан тој процент и кои се основните причини кои што доведоа буквално да биде тој процент на девалвација на денарот. Сметам дека сериозен пристап на овој пред- лог мора да одговори и на ова прашање.

Следното прашање кое што сметам дека предлагачот и Владата треба јавно овде да го одговорат е дали Владата на РМ ќе ги зголемува цените на производите кои се под директна нејзина контрола. Тука се подразбира на цените на струјата, дериватите, ПТТ услугите и други цени и дали ќе ни вети дека до крајот на годината ќе немаме зголемуваше на нивото на овие цени кои што се под директна нејзина надлежност. Ова го предлагам и сметам дека е потребно да се одговори од неколку причини, бидејќи сметам дека со денешниот закон и со денешниве мерки кои што овде ни беа соопштени сметам дека ќе дојде до драстично намалување на животниот стандард, пред се на работниците и пензионерите, бидејќи ќе дојде до намалување на нивната платежна моќ, односно нивната платежна сила условена од неколку работи.

Прво, со поголеми цени изразени преку курсот на денарот, минимум за 16% повисоки цени ќе имаат.

Второ,преку ограничување на платите реално за 16% ќе бидат пониски заклучно со 31.XII.1997 година. Потоа преку трошоците за ПТТ услугите, водата, струјата, минимум за 7%, ако е толку и ако се оствари предвидената инфлација од 7% во РМ.

Ќе завршам со тоа дека сметам дека навистина без одговор на овие прашања не можеме да имаме адекватен приод кон законот и кон проблемот кој што се разрешува и дека Владата треба нас како пратеници да ни предложи и да ни достави една информација за вкупните економски проблеми во РМ. Имено, сметам дека треба да ни достават една целосна анализа за остварување на целите и задачите на макроекономската политика за 1997 година, која пред се би ги содржела податоците, причините кои што довеле до такви податоци, а пред се таа анализа би ги содржела следните параметри.

Прво, параметрите за производството и извозот во РМ.

Второ, за вработеноста и нивото на платите во РМ.

Трето, за остварување на процентот на приходите на Буџетот во РМ.

Четврто, инвестиционата политика во РМ.

Петто, податоците и анализата за платниот и трговскиот биланс на земјата за првите шест месеци.

Сметам дека еден таков приод навистина ќе докаже дека се зборува за сериозен пристап и за сериозно решавање на проблемите во РМ посебно од економската сфера. Сето друго ќе биде само водење на една гола политичка дебата која што ќе има навистина катастрофални резултати.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, една ваква мерка како што е девалвацијата на националната валута сигурно дека е инструмент на секоја Влада во водењето на економската политика.

V/5.-

Ние како Собрание исправени сме пред донесуваше на закон кој што ќе биде поддршка на ваквите мерки на економската политика на Владата. Притоа од образложението на министерот за финансии барем јас не можев да разберам која е причината што таа девалвација треба да биде 16%, зошто таа девалвација баш така одеднаш 16%, мислам шок терапија и кои се тие други мерки кои што треба да се преземат за да оваа девалвација на валутата навистина ги даде оние резултати кои што се очекувани, барем како што кажа Владата. Јас мислам дека овде ние денес оваа вечер расправаме за една мерка, законот за платите, за една мерка која што дефакто е депласирана. Платите ние нема што да ги ограничуваме , бидејќи постои една причина, нема од каде да се земат тие плати. Ние ги затвараме вентилите што носат вода кон цевката нагоре, а не тие што носат од резервоарот надолу. Според тоа мислам дека оваа вечер ние овој закон можеме со мирна совест да го донесеме без да размислуваме какви последици има по личните доходи. Ќе нема баш никакви последици. Единствено, а и таму нема, единствено може да има некои последици на овие кои што земаат од буџетската потрошувачка пари. Но, и таму нема пари. Ако овој закон не се пропрати со мерки кои што навистина ќе придонесат нашето стопанство да стане поконкурентно надвор, а тоа е девалвацијата на сопствената валута, значи со оваа мерка јас разбирам дека намерите на Владата се да го направиме стопанството конкурентно, поконкурентно, ако со овие мерки не следат соодветни мерки при секоја ваква девалвација, јас не гледам дека други мерки предлага Владата пред Собранието. Сметам дека резултатите и желбите со кои што сакаат да се постигнат тие резултати ќе изостанат. Зошто ова го зборувам? Овде ни една напомена дека треба да имаме ограничување на Буџетот, ниедна напомена, дека со оваа девалвација ние имаме дополнителни приходи за Буџетот,преку акцизи,

преку царини и преку сите други давачки кои што се на стоките на промет. Некој ќе одговори дека се потребни пари, нереализирање на Буџет итн., да се одговори на определените потреби. Но, тоа исто мораме да признаеме е прераспределба од оние што произведуваат кај оние што не произведуваат, така што на тој начин ништо нема да постигнеме и нема да ги добиеме целите со кои што се прави оваа девалвација. Ако немаме ограничување и следење на Буџетот реалната вредност на Буџетот да се разбереме дека сето ова ќе се направи потрошувачка.

Јас кога зборувам за Буџет би сакал Буџетот да го разделам на два дела. Дел на Буџетот од кои се алиментираат личните доходи на вработените. Во тој дел со овие ограничувања нема да има зголемување на потрошувачката. Но, едноставно што ќе има? Бидејќи со вaквите вредности и проценти тој Буџет ако остане до крајот на годината ќе нема пари тие да се алиментираат. Значи и овој дел од Буџетот и покрај тоа што нема да се зголемат платите ќе врши притисок инфлационен во стопанството. Другиот дел што е пострашниот дел. Ние сите знаеме дека Буџетот на Републиката ни е дефакто извор за целокупното малтене инвестирање и живеење на некое стопанство. Таму се прават инвестициите, од уредување на простории, до купување вакви и онакви набавки. Тој дел ако се алиментира повеќе од колку што треба тој дополнително ќе ни создаде притисок на инфлацијата на цените. И натаму друга мерка која што е многу битна, која што не ја чувме овде на основните енергенти, на агрегатите, на ова што е комуналната потрошувачка ништо не се кажа. Кога се прави оваа девалвација покрај мерката ограничување на лични доходи треба да следат и редица други мерки со кои што барем сега на и ова ниво на сознание ќе бидеме

убедени дека ќе водат кон она,кон што треба да водат. На пример прво прашање, енергентите, нафтата, бензините што? Второ прашање електричната енергија, тоа е еден битен фактор кој што во тој период по прилично ќе влијае на она што се случува. Мислам дека Владата е должна пред ова Собрание да одговори зошто имаме девалвација од 16% одеднаш. Јас сум убеден дека залагањето на Љубисав Иванов пред две години, три години, дека тој е за девалвација и дека сега е баш најпогодена, не е тоа најправо и сигурно не се поведе Владата од зборувањето на Љубисав Иванов, сигурно требала да се поведе од некои други фактори. Во образложението министерот во неговиот дел од уводното излагање кажа министерот дека имаме промена на економската политика. За да имаме промена на економската политика прво треба да кажеме зошто? Кои елементи во предвидувањата претходно сме ги земале погрешно. И тоа не е толку страшно. Но, многу е страшно сега ова што го правиме натаму. Правиме девалвација од 16% само бараме да се ограничат личните доходи за кое што јас уште еднаш ќе повторам нема да има никакви проблеми. Дали сме донеле закон или не сме донеле закон, нема да има никакви проблеми. Тие нема да вршат удар на оваа мерка. Но , каде се другите мерки. Ова некако многу лаички, многу аматерски сакаме да направиме една операција која што во сите земји е прилично сложена, прилично одговорна и после тоа може да има потешки последици. Ако овие мерки кои што јас ги набројав, кои што јас не ги набројав, туку се мерки кои што се познати секаде во светот, Владата ги немала на ум . И ако во овој период за кој што мисли да го стабилизира односот денар - марка ова значи сега од денес почнува стабилизацијата, да немаме инфлација. Значи да немаме инфлација во периодот кога ќе прекине инфлација да имаме, значи операцијата е успешна, пациентот жив и се ќе биде во ред. Но, јас уште еднаш ќе

V/8.-

повторам без овие мерки ние не треба да се надеваме дека успешно ќе биде завршена операцијата, а по моја проценка е дека со ова ќе направиме една операција, ќе се позголеми уште малку јавната потрошувачка, пак викам јавната потрошувачка, ќе се алиментира Буџетот за кој што сега нема пари, а ако нема пари сега Буџетот со оваа операција ќе се прераспоредат другите пари пак во Буџетот, значи во потрошувачка и стопанството ќе отиде уште подлабоко. Нема да ги добиеме ефектите кои што сме ги барале.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници ќе се обидам на кратко да дадам еден мал политички коментар по повод овој закон како и да полемизирам со дел од работите кои беа изнесени во излагањата. Прво, како што рече почитуваниот господин Таки Фити министер за финансии, вечерва расправаме за значајна и комплексна проблематика. Меѓутоа и покрај таквата негова мисла, вечерва имаме само еден сегмент, а не целовит пакет на мерки кои треба да ја заокружат оваа проблематика и кои впрочем веќе се најавуваат подолго време. Тоа на некој начин ја потврдува тезата дека Владата нема вистински решенија за излез од кризата, дека нема вистинска визија и стратегија, туку дека е принудена да превзема парцијални'решенија од момент на момент.

Второ, на нас пратениците не ни се дадени комплексни и целовити податоци, ниту било каква анализа од што би виделе дали Владата точно ги согледала состојбите во трговскиот и платниот биланс, Буџетот и буџетската политика и другите јавни фондови во областа на вработеноста и производството. Наместо тоа Владата ни нуди нејзини готови оценки и проценки. Поради тоа се поставува прашањето дека

V/9.-

доколку ние како пратеници ја имавме на увид комплетната анализа ќе можевме да дадеме целовит придонес за градењето оценки каква е состојбата, какви се трендовите и кои краткорочни и долгорочни мерки треба да се превземат за да се подобрат состојбите на подолг рок. Ќе ве потсетам дека во расправата за макроекономската политика и пред се за Буџетот при крајот на минатата година Владата излезе со проценки врз основа на кои ги предлагаше тие мерки и тој Буџет. Тогаш Пратеничката група на Либерално - Демократската партија изнесе поинакви видувања, а еве времето потврди дека нашите видувања се покажаа како точни, наспроти оценките и видувањата на Владата кои се покажаа како неточни поради што ете Владата излегува со мерката за девалвација на денарот. Од таму го поставувам прашањето како може сега да и веруваме на Владата дека дошла до точни оценки без да имаме увид во фактичката состојба и како да и веруваме на Владата кога и денес има големи контрадикторности помеѓу излагањето на г-динот министер за финансии и гувернерот на Народната банка , крупни, битни разлики по важни прашања. Како пример ќе го наведам следното. Додека од една страна г-динот Фити тврди во своето излагање дека ова се крупни промени и дека со нив се менува и програмата за стабилизација, од друга страна гувернерот бегло минувајќи покрај опасните тенденции во трговскиот и платниот биланс вели дека ова не е ништо, дека се си останува по старо, дека не треба ништо да се менува во програмата посебно во монетарната политика. Се разбира тој може така да мисли, ние тоа ни на крај памет не ни е да му го оспоруваме, но едноставно не сме спремни да веруваме.

VI/1 ДВ/НД

**АЦЕ КОЦЕВСКИ: (**Продолжение)

Исто така би сакал да го истакнам и фактот што го спомна господинот Фити во своето излагање кој се повика на преговорите со ММФ, нивните експерти и доаѓањето до заеднички анализи и заклучоци. Меѓутоа, во сите можни ситуации Владата изгледа се навикна ММФ да го повикува на помош но никогаш пред пратениците не излегува со комплетен извештај, ниту со било каков извештај за текот на преговорите.

Очигледно може да се постави прашањето дали нешто од пратениците односно од јавноста се крие кои би биле мотивите и зошто тоа се прави.

Всушност технологијата што се применува за промени во економските текови комплетно ги девалвира тезите, до сега изнесувани од гувернерот на Народната банка на Македонија, претходно во друго својство во Владата дека ние имаме флексибилен, а не закован курс на денарот. Но очигледно е дека курсот сепак бил закован а не флексибилен како што не убедуваше гувернерот.

На крајот да завршам. Всушност со овие мерки Владата за прв пат го признава поразот, бидејќи сите досегашни оценки за својата работа, кои беа вешто користени и во изборната кампања, ги градеше, пред се, на стабилниот курс на денарот и ниската инфлација. Ние на тоа укажувавме уште пред две години дека е тоа недоволно и дека е тоа резултат, пред се на рестриктивната монетарна политика водена од НБМ а не како вистински резултат на Владата затоа што тоа не беше поткрепено со вистински резултати во стопанството кои би стоеле зад ниската инфлација и стабилниот курс на денарот затоа што тоа едноставно не беше следено со соодветни мерки во макроекономската политика чии резултати доведоа до огромниот трговски дефицит, уништување на извозното стопанство и преголемата невработеност. Ние

уште тогаш укажувавме дека курсот на денарот е нереален и дека нешто на тој план треба да се направи. Затоа сметаме дека наместо вакви парцијални решенија неопходно е Владата час поскоро да излезе со вистински реформски проекти за изградба на институциите на пазарната економија.

Од сето тоа што јас го кажав, што ќе биде кажано понатаму и што го кажа господинот Најдовски, ние како пратеници од Либерално-демократската партија ќе се воздржиме затоа што не сме спремни да го подржиме овој законски проект.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, почитуван гувернер на Народната банка,

Ние денес имаме широка расправа по еден закон кој се состои од еден член и за волја на вистината тоа е нов закон во кој, по мое видуваме нема некои големи и суштински промени навидум, затоа е што е во рамки на една политика која Собранието на Република Македонија ја води од 1993 година, а тоа е политика рестриктивна во сферата на платите. Меѓутоа, сега се нуди закон во кој се шири рестриктивноста или ограниченоста на исплатата на месечните плати во државата и кон фирмите кои се доминантно приватни, меѓутоа не се по Законот 100% приватизирани.

Практично, според информациите со кои досега располагаме се шири ограничувањето на платите и во најголем број на случаи ново-приватизираните фирми по законот за приватизација кој во најголем дел се приватизирани, меѓутоа имаат уште еден дел од капиталот кој треба да го доприватизираат. Тој е или сеуште општествен, или во некој случаи државен кој се приватизира по Законот за приватизација на државниот капитал или по Законот за земјоделските стопанства. Значи Законот само ја зголемува сферата на рестриктивноста во сферата на личната потрошувачка.

VI/3.-

Треба исто така да знаеме дека неколку години наназад,или поточно кажано уште од формирањето на независна Македонија ние спроведуваме и една релативно рестриктивна политика како Собрание и како Влада или како држава, релативно рестриктивна политика која од година во година дури и се заострува во сферата на јавната потрошувачка. Така да целата сфера на потрошувачката и нејзината рестриктивност сега само се продолжува, по мое видуваше, зафаќа уште еден сегмент од стопанството Се разбира дека нема никакви рестрикции, не сме воведе, ниту некој досега предлагал рестрикции во така наречената инвестициона потрошувачка.

Овој закон сам за себе гледан, се разбира дека е нелогичен. Меѓутоа од образложенијата што ги добивме од господата Фити и Трпевски во капацитет на нивните мандати на министер и гувернер произлегува дека тие се дел од малку поголем зафат кој јас лично сметам дека не е нека- ков нов револуционерен зафат туку ја следи политиката што и досега ја водело ова Собрание или давало мандат на Владата и Народната банка да ја води таквата политика во рамките на нивната надлежност, дури и со свои одлуки или со законски овластувања соодветните органи да водат таква политика по пат на избор на функционерите и давање на поддршка на таквата функција.

Меѓутоа, она што треба да се забележи или да се потенцира, можеме да го извлечеме и како искуство, се разбира и да размислуваме по него е дека ние сеуште немаме, овој пример покажува дека немаме до крај изведено методологија на работа или ефикасност во работата која ќе ни овозможи да направиме јасна динстинкција во работата, при планирањето на макроекономските агрегати или инструменти на водењето на политиката, што е сфера на планирање, што е сфера на чисто предвидување на настаните.

За моја жал, морам да потенцирам јас дури денес од излагањето на гувернерот добив односно добивме квантитативни показатели што се случува со политиката која ова Собрание ја донесе мислам на 30 декември 1996 година за целите и задачите на монетарната политика во Република Македонија и дека тој план на банката поддржан од Владата и усвоен од Собранието или таа одлука, сме во неможност да ја оствaруваме и дека таа со своите реперкусии сега влијае и на другите економски индикатори да се остваруваат вон предвидените. Иако е во рамки на зацртаната политика таа и понатаму останува рестриктивна.

Би сакал да кажам дека мораме да изградиме, не само ние Народната банка како орган на државата, инструментариум со кој нема да се доведуваме во ситуација планираните потези да мора да ги преиначуваме само заради тоа што не се остваруваат. Значи тој инструментари} треба да се изгради со други пропратни мерки.

Имајќи ја предвид компетентноста на предлагачите би сакал да кажам дека имам личен впечаток дека ќе беше подобро да не се држат цврсто дизгините на курсот и да се дозволеше по пат на утврдените законски норми во државата лизгањето на курсот постапно да се оствaруваше и убеден сум дека движењето на курсот кон некаква поприродна релација со нашиот денар, ќе беше помалку болен потел отколку да речеме, на означи со одлука на гувернерот или на соодветниот орган во Народната банка кој ја носи одлуката, наеднаш да се направи девалвацијата од 16%, за која искрено да кажам мислам дека може да се проблематизира со тек на време во слободниот пазар. При понуда и побарувачка на деви: може да дојде проблематизиран, не како курс кој го нуди Народната бан: туку како курс кој се нуди на пазарот, во услови на и понатаму релативно рестриктивна монетарна политика.

Јас бев еден од оние кој очекуваше, кога се најави седницата дека ќе имаме и измена на одлуката. Господинот гувернер ни соопшти дека таа одлука има сеуште резерва од 1,3 милијарди денари за да се оствари до нивото, што значи нејзината рестриктивност не доаѓа во предвид, туку за преостанатите пет ипол месеци од годината ќе имаме можност гледајќи ги само овие пет ипол месеци, блага експанзистичка монетарна политика. Така да убеден сум дека таквото поклопување на едно повисоко ниво на курсот на денарот ќе може да се следи и да не настанат многу посериозни нарушувања во стопанството, отколку што овие што беа изнесен! од господата Фити и Трпевски како знаци на проблематизирање на макро- економската стабилност.

Се разбира ова го говориме затоа што не е во рамки на законот. Меѓутоа образложението и потребата од законот произлегуваат и од овие одлуки кои се донесени.

На крајот би сакал само да укажам уште на еден факт што мислам дека ќе ни користи во Собранието да го имаме предвид.

Досегашното искуство на Република Македонија и последните пет шест години како независна држава и искуството од поранешната СФРЈ, како составен дел, покажуваше дека независно од резултатите на краток рок кои се остваруваат било со рестриктивна или со експанзионистичка монетарна политика, на крајот на краиштата секогаш одевме во циклус да ги менуваме една по друга, поблага или поцврста рестриктивна односно блага експанзиона монетарна политика, за секогаш на крајот да констатираме дека тие не даваат доволно резултати доколку немаме други пратечки мерки во таканаречениот реален сектор на економијата.

Мислам дека има повторна опасност, донесувајќи го овој закон и останувајќи на ниво на донесената одлука за целите и задачите на монетарната политика и во рамките на одлуката на Народна банка за ваквиот курс, сеуште да се заложуваме во сферата на водење на

VI/6.-

економската политика, пред се во рамките со мерките на монетарната политика, циклично движење кон поголема или помала рестриктивност, прилагодувањето на условите во стопанството кои постојат и ситуацијата во РМ, меѓутоа, без можност ваквата политика од време на време да дава здив за преземање на други мерки од поинаков карактер, затоа што сум длабоко убеден како што кажа господинот Фити една, по мое видување доста контроверзна изјава која произлегува од стенографските белешки дека имавме завидно ниво на макроекономска стабилност во последните неколку години, цитирано кажува Меѓутоа, самиот факт на донесување на одлукиве и овој закон укажува дек нивото на макроекономската стабилност неможеме да го држиме туку ќе го поместуваме номинално на се повисоко ниво, а ние практично ќе го испуштаме од предвид фактот дека макроекономската стабилност не можеме целосно со монетарна политика да ја држиме. Ние и понатаму ќе имаме прилично голем дебаланс помеѓу понудата и побарувачката, агрегатно и оттука ќе имаме потреба од рестриктивен пристап на потрошувачката, по пат на економска принуда, институционална принуда со закони и понатаму трговскиот биланс останува, како резултат на тоа и поради фактот на задолженост на земјата и платниот биланс на земјата е секогаш негативен, ангажираноста на факторите на показателот за невработеноста е со растечка стапка. Така да тоа упатува на заклучокот дека реалната макроекономска стабилност не веруваме, или јас не верувам дека можеме само со монетарните ефекти или со рестриктивната јавна потрошувачка и рестриктивните мерки во таа сфера да ја задржиме подолго. Едноставно тука веќе имаме и сопствено искуство како држава дека во меѓувреме мора да се преземаат и други мерки, веројатно и похрабри. Не во смисла на немање храброст туку во смисла на аплицирање на соодветен инструментариум на мерки кои нема да дозволат главната расправа да се сведе на монетарната политика и на сферата на потрошувачката. Едноставно мерките на

воедначување на понудат и побарувачката дури, по мене, иако и тоа може да биде спорно мислам дека долгорочно може лошо да се, тука имаме разлики со господинот Иванов кој зборуваше прв за ова. Мислам дека вака рестриктивниот однос кон потрошувачката во општеството односно перманенано слабеење на побарувачката во општеството во долг рок во наши услови ќе не доведе имајќи предвид дека за нас главната побарувачка се странските пазари, за нашето стопанство не може да не одведе во циклусот кој господинот Фити го објасни во своето воведно излагање како мерки за стимулирање на стопанскиот раст или развој мислам во правата или во втората реченица од неговото излагање. Убеден сум дека треба да почнеме да поразмислуваме дека побарувачката исто така треба да стане предмет на размислување од аспект на нејзино стимулирање, а не целосно дестимулирање,што е резултат на една политика во последните пет години.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас, сигурно нема да правам некои економски анализи бидејќи не сум ниту стручњак за тој дел. Меѓутоа, немаме некои посебни анализи тука и доволно податоци за да можеме да ги анализираме и да споредуваме. Меѓутоа, лично да ви кажам малку сум разочаран од овие две мерки што сега Владата ги предложи, бидејќи се тоа доста непопуларни. Меѓутоа еве гледате дека се неизбежни, мора да се прави тоа што треба да се прави лично го подразбирам тоа, ако се сеќавате ние кои сме тука и постари пратеници знаеме дека, еве наназад од 1993 година веќе имаме еден непопуларен закон, замрзнати плати во сите општествени дејности и тој закон го влечеме долго време, се надеваме дека ќе го измениме и оние кои работат во тие општествени дејности така се надеваат, а верувам дека и во салата од оваа управа што работи тука мислат дека ќе се зголемат платите. Меѓутоа, гледате дека, пак, и оваа година правиме напори да се замрзнат овие плати до 31 декември. Што понатаму. Јас верувам дека и 1998 година тоа ќе го направиме заради тоа што еве немаме свежи податоци. Единствено тука што ги прошируваме на претпријатијата кои не се доприватизирани.

VII/1.-РД/МЛ

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Единствено го разбирам тоа дека сегашните плати во општествените дејности, посебно оние што се финансираат од Буџетот се обезвреднуваат, за толку колку што е и девалвацијата на самиот денар. Или моја проста математика кажано дека до крајот на годината платите на вработените во општествените дејности ќе бидат намалени, односно ќе се обезвреднат' од .8 до 1.0 па можеби и 11%, тука треба ептен да се направи здрава математика, меѓутоа тоа е тоа. Значи не успеавме да ги намалиме платите за 10%, но успеавме да ги замрзнеме и со самата девалвација на денарот ги доведовме во позиција платите да се обезвреднат. Не би бил критичен во смисла на ова ако ги немав некои податоци кои ги добив како пратеник на моето пратеничко прашање до Владата и сите тие податоци малку ме збунија. Ќе ви кажам дека сепак има во оваа држава привилегирани и непривелегирани граѓани, иако во системот на законот под 4 или таканаречена четворка, меѓутоа гледате дека добив еден податок осигурителни заводи имаат просечен личен доход на вработените 19.940 денари, а еден просечен личен доход, односно плата на вработените во Министерство за труд и социјална политика и Министерство на господинот Таки Фити 8.546 денари. Сега ко- го замрзнуваме, од кого се плашиме. Дали од овие што примаат 200 марки или од оној што прима 19.945 денари. Некако тежината, распоредот на она што треба да го жртвуваме сите во оваа држава не е еднакво поставен. Тука можам да ги доведам и другите профити. Најмалите профити се во општествените дејности, во администрацијата итн., што долго ја критикуваме. Јас сум за рационализација, но да не го обезвредниме трудот во администрацијата. Јас лично сметам, можеби и лаички тоа го сметам, меѓутоа сепак покажува некоја анализа и сметам дека ние ја изгубивме мотивацијата во

органите на управата, а сакаме да имаме добар буџет и добра инспекција, добра царина. Не може да има тоа. Не можеш да имаш ти еден добар царинарник кој има плата од 9.000 денари или еден извонреден професор да прима 10.000 денари, а една чистачка, не ја обезвреднувам, според интелектуалниот труд, оној што го нешто вложува во одредена дејност неспоредливо е. Еден професор во основно образование 9 ,.000. денари, една чистачка во ДОЗ 15.000 денари. Ми се чини дека, мерката е во ред, јас ја прифаќам како мерка, мислам дека и законот е прифатлив. Во ова време мораме нешто да донесеме, заради тоа што интересот е во тоа, меѓутоа, не направивме ништо во смисла на подобрување на таа состојба во тој дел, сепак да направиме нешто, некоја поголема рамномерност и сите овие лица кои се вработени во управата подеднакво ги носат овие тежини итн. Лично жалам што често пати ги обезвреднуваме сите овие општествени дејности, бидејќи и јас работам во таа општествена дејност во која дадовме голема тежина на работа, а ги вреднуваме со 8.500 денари. Да биде општ апсурд поголем, денеска излезе колективниот договор во социјална заштита, а пред неколку месеци беше тоа во здравствена заштита. Го имаше и во други сфери. Колективните договори ги носиме, потпишуваме, имаме свечености, меѓутоа сега донесуваме еден непопуларен закон кој практично овие колективни договори немаат никаква шанса да заживеат, односно да дојдат во позиција тие да се реализираат. Може сепак е апсурд, можеби се изморивме, меѓутоа лично сметам дека буџетот како буџет не е тоа најголемиот товар во оваа држава, бидејќи навистина овие лица што работат во буџетот се најмалку наградени и девалвирани. А ако ви ја кажам структурата на вработените, тогаш е илузорно да зборуваме. И овде гледам во управата на Собранието што работи еден дипломиран правник со 9.000 денари. А верувам во Макпетрол кај Зоран сигурно дипломиран правник има 25

илјади или 30 илјади. Значи не е тоа добро решение. Значи сега ќе излезе кој каде се нашол таму. Меѓутоа, сите сме под удар на еден ваков закон. Треба да направиме една рамномерност во тој дел. Инаку приватната иницијатива таму има вложен труд и 2 4 часа и тука нека се наградува толку колку што е работата. Меѓутоа, во овие дејности треба да направиме некој ред и тука би биле задоволни. Во таа смисла и препорачувам на Владата да го надминеме овој закон, нека оди како закон, меѓутоа од идната година нешто тука да направиме да ги мотивираме луѓето да работат и оние инспектори кои одат цел ден и оние сега од управата на народна одбрана и полицијата итн. да не бидат демотивирани да ги извршуваат квалитетно работните задачи.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, треба да имате предвид дека темата за која расправаме е една од виталните прашања за кои во развиените, да речам парламентарни општества се водат дебати.

Прво, се водат внатре во рамките на владеачката структура, па потоа се соочуваат и со фактите и концепцијата на политичката опозиција. Мислам дека ние многу малку даваме придонес и мислам дека уште еднаш овој Парламент ќе ја одигра улогата на нем посматрач за продлабочувањето на економската криза, како резултат на многу слабата дебата политичка, јавна и ако сакате стручна,кога се покренуваат едни вака значајни прашања.

Оваа своја констатација ја влечам прво од пристапот што Владата го направи према Парламентот. Воглавно повеќе се информираме од извештаите на прес конференциите на портпаролот на Владата и не сме

удостоени со пошироки елаборати околу проектите кои Владата ги предвидува, кои значат промена на економската и социјалната состојба на граѓаните. Дотолку повеќе што во континуитет за оваа тема ние немаме да речам, егзактни податоци, кој што е битен фактор при носењето на една ваква мерка, а тоа е колкави се девизните резерви на Републиката колкав е девизниот потенцијал на банките дали тој од време кога е зацртана макроекономската политика до денеска се зголемува или се намалува, немаме колкав е дефицитот во буџетот и ја немаме стратегијата сепак на новата Влада во однос на тој дефицит, дали ќе одиме на ребаланс, ако одиме што тоа ќе значи. Го немаме дефицитот на пензискиот фонд и ги немаме трансакциите кои се вршат внатре во буџетската распределба. Немаме податок важен, тоа е со колкава динамика и како се остварува буџетот и кои се тие што не ги извршуваат обврските спрема буџетот. Го немаме на крај оној главниот адут кој често пати ни се дава како надворешен фактор, а тоа е извештајот на монетарниот фонд. Најчесто се раководиме како присталици на фондот кој посебно бегло на конференциите за печат ги кажуваат своите мислења и тн. Ова го кажувам само во функција ако е можно посериозно да пристапиме кога расправаме за овие теми, токму од интересот кој треба да побуди предлогот на Владата, за да еден дел од пратениците бидеме убедени во исправноста на предлозите што се даваат, а од друга страна да имаме и еден релевантен однос према проблемите. Минатиот пат по повод законот кој беше врзан за дисконтот на придонесите, можам да кажам дека и овој закон го одредува нешто што мислам дека не треба да биде политика на развој, а тоа е дискриминација, стопанствениците, односно стопанството секогаш треба да го ставиме во позиција што повеќе да се бори за остварувањето на целите од некоја макроекономска политика и можноста што беше давана

да бидат платите одмрзнати кога ќе се помине лимитот од 70% приватизирање, беа една развојна компонента. Сега одеднаш се создадоа други услови. Исто како и минатиот закон со кој дисконтот важеше за оние кои не можеа или не сакаа да ги плаќаат придонесите, фактички ги казнивме оние кои редовно ги плаќаат. Мислам дека тој пристап не е добар на Владата.

Во однос на дискусијата која овде се води, сепак мислам дека некој од- пратениците добро уочи дека сепак имаме две различни оценки за мерките и целите на овој закон, односно на девалвацијата. Споредбено со макроекономската политика и целите кои таа требаше да ги постигне, а пред се однесуваа на зголемувањето на производството и извозот, на поголеми структурални реформи и зголемување на вработеноста и стабилниот курс. Се чини дека оваа мерка, да речам на одреден начин ја потврдува некоја општа анализа која може да се направи во Република Македонија на која се работи на оценка на трансформација во стопанството, со сигурност може да кажеме дека многу бавно оди трансформацијата, дека рецесијата се продлабочува, дека минатогодишниот успех со покачување на индустриското производство се должеше пред се на преработување на Скопската рафинерија и на производството во електростопанскиот систем, што на одреден начин дојде до една крајна деиндустријализација во Република Македонија, како последица на многу фактори за кои многу пати овде сме дискутирале, кои можеме да ги поврземе и со општите услови на транзицијата, губење на традиционалните пазари, техничко - технолошкото заостанување на претпријатијата, фабриките, како и до да речам, цело време водењето на една командна политика во економијата, мислејќи дека одредени процеси на отворањето на македонското стопанство ќе се избегнат ако постојано декларативно носиме прописи кои би требало да значат либерализација на македонскиот пазар, а всушност преку формите на контингенти и други административни

забрани и дозволи, всушност значеа нивно ограничување. Последиците од таквиот пристап сега ги чувствуваме и една од причините заради воведување на оваа мерка во секој случај би требало да ја бараме тука.

Оттука мислам дека ќе направиме повторно грешка, посебно во делот на цените, ако не сфатиме дека мало стопанство како што е Република Македонија, не се прилагоди на светскиот пазар, посебно во делот на политиката на цените.

Трет по мене значаен фактор кој би требало да се потенцира се ефектите кои во делот на една од мерките битно ќе влијае на влошување на социјалната и економската положба на граѓаните. Мислам дека и онака ниските плати, со ова до крај ќе бидат загрозени. Мислам дека се дискутираше отворено дека пристапот на поодделни претпријатија, кои се соочени со конкуренција, со извоз итн., едноставно на пазарна основа ги држат платите и тука можеби требаше да се најде некој инструмент, кој на одреден начин делот на поттикнувањето на развојот на производството,ќе го поврзе и со можноста за зголемување на платите на вработените и не сум присталица на дел од дискусијата што ја посвети по тој основ на некакви прераспределби и социјални кои би требало да се задоволат со тоа што работниците ќе ги спротивставиме едни спроти други, притоа, да немаме изграден механизам, како субјектите да се однесуваат во правниот и економскиот поредок.

Да завршам со идејата дека сепак треба да се оди по продлабочено во изнаоѓањето на решенија за надминување на кризата и тие би морале да бидат во некој таканаречен пакет на предлози кои Владата треба да ги даде. Вака мислам дека самата себе си прави лоша услуга, создава една психоза, на страв кај граѓаните, јас верувам  дека

од утре поинаку ќе се однесува, психолошки да не се доминира кај граѓаните што ефектите од тој закон многу брзо ќе се намалат, како што некој од говорницата рече, можно е да траат од месец до два.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

На неколку посебни седници очигледно Парламентот расправа покрај другите точки кои Што се посветени на економската сфера и во рамките на тоа се отвараат од седница во седница актуелни проблеми, кои што дали на ниво на Парламент, со закони или во рамки на тековната економска политика, низ активноста на Владата се насочени кон онаа определба која што оваа Влада пред себе си ја постави, за нејзина свртеност кон економските состојби и изнаоѓање можни излезни решенија, кои што треба да бидат во насока на подобрување на тие економски состојби. Оттука, во рамките на реализација на таквата определба во Владата се присутни севкупните анализи и за потребите на Владата тие се обезбедени и не гледаме потреба, освен во онаа постапка каде што деловнички тука во Собранието е пропишана, таквите анализи да бидат доставувани, при носење на вакви закони. Ако некого од областа на економијата го интересира одредена состојба, или одредено прашање, тоа може да се покрене во рамките на деловничката постапка да се расправа по тоа и да се добие соодветна информација за тоа. Мислам дека е многу смело, се изјавува дека не постои концепт, дека можеби не се гледа дека постои, дека тој концепт е свртен кон подобрување на условите за стопанисување и како што беше на последниве седници, така ќе биде и на наредните седници со 1% да се отвара и се понуди дали законско во рамките на работата на Парламентот или поинаков вид на решенија во рамките на работата на Владата.

VII/8.-

Денешната расправа е многу значајна со оглед на тоа што се отвара многу важно прашање кое длабоко задира врз економските токови и оттаму е разбирливо што тоа прашање побудува и заслужен интерес и по тоа прашање се осврнуваме на начин кој што тоа прашање го заслужува. Јас накратко успеав да прибележам неколку прашања кои што се поставија овдека и во вид на мој соодветен коментар само накратко да ги прокоментирам со цел да го објаснам, одредени нејасни состојби и покрај тоа што сум убеден дека од излагањето на министерот и на гувернерот јасно се презентира потребата за ваква економска мерка, јасно се укажа на координираноста на оваа мерка меѓу Централната банка и Владата, со тоа што мислам дека стануваше забуна дека станува збор за одделни оценки, дали нешто треба да се менува или да не се менува.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Јасно беше кажано дека Одлуката не треба да се менува. Во рамките на таа Одлука се вградени параметрите што обезбедуваат ваква економска мерка и дека на тој начин се обезбедува активно водење на тековната монетарна и кредитна политика на ниво на држава врз основа на веќе донесените одлуки за целите и значењето на кредитно монетарната политика.

Прво прашање на што на кратко сакам да одговорам е - кои се причините за девалвација? Тука би презентирал три основни причини:

Постоење на нето - загуба во економијата, што сите знаете според податоците од завршните сметки достигна доста високо ниво во деловната 1996 година.

Присутна дефлација во последните пет месеци и оние кои се занимаваат со економската проблематика можат да дадат оценка што значи дефлацијата на еден подолг период врз стопанските текови во една држаа.в Дали таа има позитивни или негативни влијанија?

Крајно, како приоритетна причина за оваа мерка е зголемениот дефицит во тековната сметка на платниот биланс. За тоа малку подоцна ќе зборувам.

Кога се предлага една ваква мерка нормално е дека треба да се синтетизираат, сублимираат ефектите. На двете страни. Кои се ефектите од девалвацијата што се очекуваат, на кои пунктови на кои сегменти тие се очекуваат и кои се инфлаторните ефекти што може да ги предизвик оваа инфлација.

Познато е дека ние сме земја што има лимитиран домашен пазар земја во која што во вкупната економија во бруто домашниот производ

Е високо учество на извозот. Тоа, во проценти е изразено со 39%. Значи во формирање на бруто - домашниот производ. Штом е високо учеството на извозот, а што оваа мерка директно со позитивна корелација влијае врз извозната активност, тогаш е разбирлива како мерка и треба да покрене и точно како што кажа министерот да биде во функција на зголемување на извозот. Велам на производството и да се продолжи со тој тренд на зголемување и да се обезбеди врз основа на овој процент на дефлација поголема конкурентност кон странство и врз тие основни зголемување на профитабилноста на претпријатија.

Евидентно е дека е во функција на поспешување на извозната активност и, кога веќе го коментирам тоа, можам да презентирам показател дека првите 5 месеци имаме трговски дефицит што изнесува некаде 160-ина милиони долари и дека покриеноста на увозот, ако беше со крај на 1996 година или почетокот на 1997 година 77,9, во првите 5 месеци таа се нарушува. Презентиран показател дека увозот со извоз е покриен со 69,2%. Штом е веќе така нужно мораше да се преземе соодветна активност, овој надолен од да се спречи.

Со оглед на тоа што може да стане збор за промена на структурата на увозот предизвикана од оваа мерка, евидентно дека може. Би било добро тоа да се направи затоа што сеуште високото учество во структурата на увозот на стока за широка потрошувачка и во рамките на тоа, барем оној дел на индустриските или производни капацитети што произведуваат стока за широка потрошувачка имаат по релаксирани услови на пазарот во Македонија поради ефектот од оваа мерка.

Врз основа на тоа, ако се обезбеди тоа директно станува збор за супституција на еден вид од увозите што се правеше до сега со домашно производство. Тоа е директно во функција на физичкиот обем на

индустриското производство на неговото зголемување. Со овој чин на девалвација се постигнува многу важен ефект. Тоа значи директно редуцирање на трговскиот дефицит и подобрување на тековната сметка на платниот биланс што е потреба на сите од РМ. И, ако сето ова што го набројав се обезбеди со незначителен пораст на цените, тука се ефектите од девалвацијата.

Околу предвидениот или прогнозираниот пораст на цените малку подоцна ќе зборувам.

Второ прашање е како е утврден процентот на девалвацијата. Мислам дека е познато, за тоа има методологија, верифицирана не овде, во светот, која што методологија тргнува од показателите по завршни сметки за претходната година. И, во рамките на тие показатели се цени колку беше намелено учеството на извозните приходи изразени во денари и колку тоа во проценти односно со процентот на девалвацијата треба да се зголеми. Тој процент во нашите анализи покажува дека е 16%. И така, накратко би сакал да ја објаснам таа метододологија што, не само кај нас туку и пошироко се применува со утврдување на процент на девалвација.

Зошто сега се врши девалвација? Само краток коментар ќе кажам.

Основен предуслов за доминација н апозитивните, што како ефекти од девалвацијата ги кажав во однос на негативните ефекти од девалвацијата е дека е победена инфлацијата и да се потиснат инфлаторните очекувања за да не дојде до развивање на инфлаторната спирала после девалвацијата. Евидентно е во еден подолг период, тоа што многу и овде го негираат, во водењето на економската политика е постигнат резултат, со тоа што е дефинитивно сузбиена на еден подолг период инфлацијата. И, дека, ако може да зборуваме, може да зборуваме за реални пораст во РМ, минимални, но реални. Тоа е факт.

Ние сега, како што спомнав, на подолг рок имаме ниска инфлација и во последниве 5 месеци, претходно кажав, имавме и дефлација. Така што, скоро и да не постои опасност од генерирање на спиралата на девизниот курс - цени. И, многу е битно тоа што треба да го сработиме вечерва, да се донесе законот за плати и со него да се спречи ширењето на веќе спомнатата инфлаторна спирала преку зголемување на трошоците на работењето на претпријатијата, врз основа на платите.

На тој начин ефектите од девалвацијата директно ќе се манифестираат на зголемување на профитабилноста на претпријатијата, а тоа ќе создаде услови за раст на извозот, производството, а на подолг пери од би рекол и на вработувањето. Бидејќи, доблесно е на една Влада да предложи во вакво време вакви мерки што, навистина, во овој момент може да бидат непопуларни. Меѓутоа, не треба да се гледа заради потребите на државата, потребите на развојот на економијата, врз економијата краткорочно, туку долгорочно.

Значи, има еден рецепт што треба да се примени, а рецептот е девалвација, стабилизација на цените во рамките на прогнозите и проекциите што после ќе ги кажам и, врз тие основи, раст на производството. Инаку и тука беше спомнат другиот рецепт кој што, некој овде го спомна и од кој што се плаши, девалвација, инфлација е рамно на илузорно производство без финансиски ефекти.

Кога веќе ги кажав очекуваните позитивни ефекти од девалвацијата да кажам кој се инфлаторните ефекти.

Во услови на контрола на трошоците за плати цените можат да се зголемат само врз основа на порастот на увозните цени, изразено во денари. Тоа кај домашното производство. Имајќи предвид дека учество

на увозот во бруто домашниот производ изнесува 40%, а девалвацијата што е објавена е 16%. Математички може да се доведе до раст на домашните цени најмногу до 6,3%. Тоа е тој инфлаторен ефект што е предвиден.

Со тоа, ако цврсто се држат и се почитуваат мерките во фискалната сфера, во рамките на тоа и можност намалување на изворните приходи, она што го спомна г-динот пратеник Лазо, намалување на изворните приходи на Буџетот како една од мерките за поддршка на тој цел. од на девалвацијата.

Понатаму , познатите и признати и досега активности во областа на монетарната и кредитната сфера, во рамките на кредитната сфера вклучувајќи ја и каматната политика што има доволен опсег во себе да ги вгради прогнозираните инфлаторни ефекти и дури нашите очекувања се во рамките на тоа при крајот на годината да имаме релаксација во каматната политика. Тоа може позитивно да влијае во обезбедување обртни средства за следење на производствените процеси. Тоа се инструменти признати и познати со кои што треба да се брани оваа мерка и да се брани понатаму крајно воспоставениот курс марка - денар. Охрабрува изјавата на гувернерот дека тој може да се брани и ќе се одбрани како курс. Мислам дека тие инструменти и потези кому не се јасни, може понатаму да се увери во тоа.

Да не должам многу, едно прашање што беше поставено овде е прашањето зошто девалвација не постапно депресирање на курсот на денарот, значи, така наречена тивка, мека девалвација, месечна девалвација.

Прво, во краток период да се постигнат поголеми ефекти во финансиската сфера.

Второ, многу важно признале или не но е многу важно и затоа го оставив на крај, постепената депрецијација може да создаде погрешна

слика кај економските субјекти дека Владата ја напушта зацртаната економска политика, особено ја напушта целта на стабилноста на цените при што се генерираат високи инфлаторни очекувања во економијата.

Преку еднократна девалвација, оваа што е спроведена, Владата дава јасна порака дека нема отстапување од зацртаната макроекономска стратегија и дека стабилноста на цените во рамките на проекции што претходно ги кажав и стабилност ана девизниот курсот, вака воспоставен, по неговата девалвација и понатаму остануваат основни цели на владините макроекономски политики. Токму затоа се определивме за еднократна и само таа таква девалвација, а не на постапна депрецијација.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги,

Говорот на г-динот потпретседател ме инспирира инаку не бев подготвен да дискутирам вечерва. Ме инспирира тоа што рече дека Владата имаше толку доблест да ги донесе овие мерки.

Мислам дека на сите ни е јасно и дека веројатно е така, дека бевме принудени од ММФ да направиме еден таков потег. И, методологија е таа, колку се договоривме со ММФ да биде процентот на девалвацијата. Мислам дека тоа треба да го признаеме.

VIII/7.-

Стојам на онаа позиција дека ако имавме било каква методологија тогаш не требаше да одиме со процент што е предложен, туку многу порано ќе донесевме мерки и тој процент требаше да биде да кажеме, околу 5%. Овие мерки што сега ги носиме требаше да бидат донесени многу порано. Тогаш ќе го имаат тоа позитивно дејство и влијание врз сите субјекти во РМ за кое зборуваше г-динот потпретседател. Тоа ме инспирира.

Ме инспирира и г-динот .гувернер кога рече дека во последниот период на пазарот имало многу денари, а немало девизи. Јас мислам дека сите ние тука знаеме, тие што ја следат седницата, дека тоа не е точно и дека беше сосема спротивно. Имаше многу девизи, а немаше денари.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ: (**продолжение)

Исто така сакам да кажам дека параметрите за кои зборуваше г-динот Крстевски кои ни беа потребни, ние не можеме сега да бараме поединечно колку е трговскиот дефицит, дали ние сега со оваа мерка можеме тој дефицит, што рече г-динот потпретседател да го постигнеме со овие ефекти. Се зборува за 150 милиони марки. Мислам Дека•апсолутно е проценката нелогична и мислам дека ние тука не можеме што да направиме. Нашата понуда, беше речено дека ние ќе ги оправдаме извозниците. Тоа е точно, меѓутоа нашиот извоз, нашиот потенцијал во извозните зделки не е таков за да можеме да направиме таков пресврт и да обезбедиме овој трговски дефицит го избалансираме

Тоа ми беше забележано, и на крајот да кажам дека гувернерот во еден многу патриотски стил се заколна дека ќе го брани со сите средства, Владата ќе го брани курсот на денарот. Мислам дека и пред тоа се фалевме дека главната фаза на Владата беше дека ќе го сочуваме денарот во однос на марката на 27, или 27,05, меѓутоа сега ќе го браниме на 31. Значи уште еднаш паднавме на испитот дека нешто ќе браниме и ќе одбраниме. Фактички ние не го одбранивме она што го бранeвме долго време.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток имајќи го во предвид карактерот и времето на расправата и условите во кои се наоѓаме. Иако се расправа по една сосема друга тема, сосема друг закон кој има само еден член, всушност измена и дополна на Законот, расправата е изместена всушност за мерките кои Владата со одлуките ги донела во своја надлежност, извршила девалвација на денарот и кој нормално за последиците и околностите во кој ќе се најдат стопанските субјекти и граѓаните во РМ.

Мислам дека тоа е прашањето за кое се влече аргументации и со право се влечат, можеби и во овие доцни саати и во овие и во други околности присутни во РМ. И, можеби ова заслужува посебно внимание и посебна експликација во, да не речам, нормални услови. Што е тука, тука е. Ги слушнавте излагањата, дискусиите забелешките итн. Во секој случај останува впечатокот дека една од главните цели која сака да се постигне со ваквата мерка е поттикнување на производството во РМ. Поттикнување на производството пред се во индустриските гранки, и во делот од индустриските гранки во из- возното ориентирано стопанство. Всушност, тоа се апсолвирани прашања и познати се тие мерки, применувани и досега во вакви услови во какви се наоѓа РМ. Мислам во вакви општествено економски услови, пред се економски но останува впечаток дека за делот од доминантното производство во земјоделието и земјоделските производи, како и претходно Владата има утврдено услови за стопанисување и нормално соодветни заштитни цени, впрочем на претходната седница која требаше да заврши беше таа информација за жетвата за оваа година, дека оваа мерка точно паѓа во периодот кога ефектите од ваквата мерка негатив- но би се изразиле кај тие производители. Јас во тоа сум сигурен.

Од тие причини станав само да сугерирам дека Владата треба будно да дежура на тој проблем и согласно негативните ефекти кои би ги предизвикала ваквата мерка треба соодветно да носи други посебни мерки во наредниот непосреден период што ни претстои за да таа гранка од стопанството, земјоделието и субјектите во неа кои се голем број во РМ било тоа правни и физички лица индивидуалци не дојдат во неповолна положба во која се наоѓаат барем пред носењето на оваа мерка.

Мислам со една смислена сукцесивна економска дополнителна политика и мерки кои би ја следеле дека е можно тоа навреме да се направи и дека има резерви и сили за тоа во РМ.

Благодарам.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуваниот потпретседател на Влада г-дин Бузлевски искажа една мисла на која не можам да одолеам, а да не реплицирам, изјави дека Владата всушност има концепција но, можеби таа е невидлива. Па, ве молам, какви се овие несериозни изјави. Владата има концепција или нема концепција. Концепцијата не е нешто што лебди во воздух нешто имагинарно, нешто што не може да се види, концепцијата на Владата се глед преку решенијата што ги предлага во мерките низ законски проекти и низ целокупната активност што Владата ја предлага за разрешување на овие состојби во економската политика.

Јас одговорно повторно изјавувам во мое лично име, во име на пратеничката група и во името на мојата партија дека Владата всушност покажа со ова дека нема вистинска концепција затоа што нема јасна визија и стратегија за излез на земјата од кризата, всушност овие мерки докажува дека како давеник се фака за сламката на стапот затоа што нема решение за Буџетот кој не се полни адекватно и со предвидената динамика, нема решение ни во тековниот ни за заостанатиот дефицит во пензискиот фонд, нема решение за огромниот трговски дефицит кој во минатата година изнесуваше барем според најновите проценки затоа што имаше, нели, грешки во математиката 480 милиони долари, затоа што покриеноста на извозот со увоз беше драстично различно и затоа што нема решение за решавањето на огромниот проблем на невработените во РМ бидејќи всушност оваа Влада од како дојде на

власт затвори 130.000 работни места , место да отвара нови работни м места.

Благодарам.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мислам дека многу е смело да се игра со зборови, и да преку тоа се покажува политичка реторика и вештина. Јас кажав сега има концепција, но некој не сака да ја види, токму на вас мислев.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Г-дин Тантаров процедурално.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, како пратеник од битолскиот дел на Пелагонија во кој се произведува над 1/3 од вкупното производство на култури, без кој не може ниту една трпеза во нашава држава, јас нема да го поддржам овој закон. Нема да го поддржам затоа што и селаните не се под плата, не затоа што овој закон е во служба на девалвацијата за која од утре натаму тешко ќе се одрази на и така отепаниот аграр. Затоа реков дека за овој закон нема да гласам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (48 пратеници)

Дали има некој против? (1)

Кој се воздржува од гласање, молам? (9)

Колку пратеници се присутни во салата?

Гласањето не може да биде валидно, бидејќи нема доволно пратеници.

Продолжуваме со работа утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 22 часот).